ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВО ЗА 2023 ГОДИНА

Програма АКТИВНИ ГРАЃАНИ – ДВИГАТЕЛ НА ОДДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

АКТИВО од Велес, во партнерство со НВО Инфоцентар преку проектот „Здружени за активно граѓанство“ кој е поддржан од Европската Унија, и во соработка со Општина Чашка организираше Младински форум во Чашка со идеја да ги информира и мотивира младите за можностите за младинско учество во општината. Информативната средба се одржа на 18 јули 2023 година, во Салата на ООУ Тодор Јанев, населба Чашка.



На настанот, кој е дел од напорите на општината за формирање Локален младински совет во Чашка, учествуваа триесетина млади од населените места Чашка, Извор, Лисиче и Долно Јаболчиште, како и членови на организации за млади и младински организации кои делуваат во општината.

Лидија Пљакова од Општина Чашка предочи дека младите ја имаат поддршката од страна на Општина Чашка која секогаш е спремна да ги поддржи нивните креативни предлози согласно можностите на општината.

Дејан Ристов од АКТИВО ги презентираше позитивните примери од формираните локални младински совети, како и постапката за нивно формирање.



На информативните средба присуствуваше и Трајче Мишкоски, Претседател на Советот на Општина Чашка. Мишоски ги мотивираше присутните да се пријават на престојниот повик за членови на Иницијативен одбор за формирање на Локалниот младински совет, и истакна дека младите ја имаат неговата поддршка и поддршката на Советот за конкретни идеи и активности кои се во нивни интерес.



ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.Андон Шурков бр.6-1/10, 1400 Велес, МАКЕДОНИЈА
aktivoveles@yahoo.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје

Ангелина Димовска Стојанова, која го модерираше настанот, ги водеше младите низ процесот на дефинирање на младински потреби и препораки кои и официјално ќе бидат доставени до Општина Чашка.


Оваа иницијатива ќе придонесе за активно вклучување на младите во носењето одлуки на локално ниво, поголема информираност, јакнење на улогата на младите во општината, препознавање на младинските потреби и предизвици, поттикнување на напредокот и развојот на младите како и зајакнување на нивната улога во општеството

Одржувањето Младински форум е мотивирачки чекор младите од општина Чашка да практикуваат активно граѓанство преку формирање младински совет, да учествуваат во решавањето на проблемите на младите од општината преку доставување на своите препораки и да работат во градењето на подобра иднина во локалната средина за сите граѓани.

ПРОГРАМА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

ДЕБАТА: ЕФЕКТИ НА ФИНАНСИСКАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА ВРЗ ПОЛИТИКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ

ИНВЕСТИЦИИ ОД 170 МИЛИОНИ ЕВРА ОД КОИ ЗАВИСИ КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ СЕ СКРАТЕНИ ВО 2022 ГОДИНА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НАМЕТНАТИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА
На јавната дебата за „ефектите на финансиската и енергетската криза врз политиките и граѓаните“ беше објавено „Истражувањето на последиците од зголемените буџетски трошоци од кризата во 2022 година врз области кои влијаат врз животот на граѓаните.“



Истражувањето покажува дека покривањето на дополнителните расходи кои ги наметна енергетската криза довеле до големо кратење на инвестиции од кои зависи квалитетот на живот на граѓаните. Само во 2022 година од централната власт не биле реализирани проекти во вредност од 170 милиони евра како што се: реновирање на здравствени установи, изградба на детски градинки и домови за стари лица, изградба на патишта, реконструкција на студентски домови, опрема за образовни институции, како и проекти за унапредување на животната средина. Покрај ова, и општините не реализирале капитални проекти во вредност од 50 милиони евра, така што во 2022 година во државата не биле реализирани проекти, кои се од важност на граѓаните, во вкупна вредност од најмалку 220 милиони евра.



Поконкретно, за реконструкција и доградба на здравствени објекти во 2022 биле планиран 14 милиони евра, а се реализирале само 3,5 милиони евра, потоа во секторот на социјалната заштита биле планирани проекти за изградба и реновирање на детски градинки и домови за стари лица во вредност од 5,5 милиони евра, но тие останале без реализација, а инвестициите во образованието во насока на изградба и реновирање на училишта од планираните 20 се скратени на 10 милиони евра.

Воедно, за да се прикрие ударот на енергетската криза врз капиталните инвестиции во 2022 година, дури 28 % од капиталните расходи односно 130 милиони евра биле потрошени за исплати кои не може да се сведат под категоријата „капитални“. Станува збор за дел од исплатите кон АД Електрани за надминување на енергетска криза, како и плаќања на гаранции по рати за кредити на државните претпријатија.

На денешната дебата во присуство на 40-ина претставници на државните институции и вклучени страни беа дискутирани предлозите за мерки кои треба да овозможат трошењата да бидат во најдобар интерес на граѓаните.

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

ОБЈАВЕНИ ИСТРАЖУВАЊАТА ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ БУЏЕТСКИ ТРОШОЦИ ОД КРИЗАТА ВО 2022 ГОДИНА

Центарот за граѓански комуникации, Здружението на даночни советници и Активо ги објавија Истражувањата за последиците од зголемените буџетски трошоци од кризата во 2022 година врз области кои влијаат врз животот на граѓаните, и на национално и на општинско ниво.



Клучните наоди од истражувањата вклучуваат:

За покривање на дополнителните расходи што ги наметна енергетската криза во 2022 година, **Владата и општините вкупно жртвува проекти кои се од важност на граѓаните во вредност од најмалку 220 милиони евра**.
Владата жртвуваше проекти од најмалку 170 милиони евра како што се: **реновирање на здравствени установи, купување медицинска опрема, изградба на детски градинки и домови за стари лица, изградба на патишта, реконструкција на студентски домови, како и проекти за унапредување на животната средина.** Дополнителни 50 милиони евра капитални проекти требало да се реализираат од локалните власти.
За да се прикрие ударот на енергетската криза врз капиталните инвестиции во 2022 година, **дури 28 % од капиталните расходи односно 130 милион евра биле потрошени за исплати кои не може да се сведат под категоријата „капитални“,** како што се исплатите кон АД Електрани за надминување на енергетска криза, како и плаќања на гаранции по рати за кредити на државните претпријатија.

· Вкупните пријавени финансиски обврски на буџетските субјекти само во 2022 **година се зголемиле за нови 186 милиони евра**, односно за 30 %, **со што достигнаа вкупен износ од 800 милиони евра.**

· Наспроти кратењето на проекти од важност за граѓаните, **локалните власти се однесувале како да не е криза кога станува збор за трошоците за патни расходи, плати, договорни услуги и привремени** вработувања кои дури порасnаа во 2022 година

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов“ бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје



МОНИТОРИНГ-ОПШТИНИТЕ И СУБВЕНЦИИТЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ

НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Активо од Велес, Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе и Организација на жени од Струмица спроведе мониторинг на субвенциите што општините им ги доделуваат на граѓаните, во периодот 2020 – 2023 (до мај) година.

Мониторингот опфати шест општини: Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе и Лозово.

Повеќето од мониторираните општини, многу малку или воопшто не водат детална демографска и родова статистика при доделувањето на субвенциите. Нема јасна слика за тоа каков профил на граѓани се најзаинтересирани за субвенциите, дали станува збор повеќе за мажи или жени, за помлади или постари граѓани, во кои делови на општините интересот за субвенции е најголем и др.

Најчести видови субвенции кои се доделуваат се оние за велосипеди, инвертери, сончеви колектори, потоа за приклучоци за гасификациска мрежа, за уредување дворни места, за комунални услуги и кирија за социјално ранливи категории граѓани. Некои општините доделуваат субвенции за јавен превоз за определени категории граѓани, но и за сите граѓани, како на пример, во Куманово. Некои општини, пак, како Крива Паланка, најголемиот дел од субвенциите ги наменуваат за поддршка и стимулација на младите луѓе, особено за студентите и невработените

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.Андон Шурков бр.6-1/10, 1400 Велес, МАКЕДОНИЈА
aktivoveles@yahoo.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје



Субвенциите се предвидени во годишните програми на општините и тоа најчесто во програмите за животна средина, социјална заштита, образование и за млади. Најголемиот дел од општините не дадоа објаснување врз основа на што одлучуваат каков вид субвенции ќе им доделуваат на граѓаните во своите општини.

Општините многу малку или воопшто не ги анализираат резултатите и ефектите од политиката на субвенционирање. Ова пак, наведува на констатација дека станува збор за краткорочни мерки за поддршка, за кои е тешко да се утврди дали ја постигнуваат својата цел.

Повеќе од половина анкетирани граѓани (над 60%) не знаат какви субвенции доделуваат општините. Речиси половина од анкетираните (47%) не знаат дали досегашните субвенции одговараат на приоритетите на граѓаните, а само 12% сметаат дека субвенциите се соодветни на потребите на граѓаните. На 55% од граѓаните кои учествуваа во анкетата не им е познато на кој начин општината одлучува какви субвенции ќе доделува, додека високи 90% одговорија дека не користеле субвенции од општината во последните три години.

Мониторингот се реализира во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво", финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов" бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје

МОНИТОРИНГ: ОПШТИНИТЕ И БЕЗДОМНИТЕ КУЧИЊА

НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Активо од Велес, Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе, Организација на жени од Струмица и Центарот на заедницата на Општина Струга, во периодот октомври – ноември 2023 година, спроведе мониторинг на мерките и активностите што ги преземаат општините за решавање на проблемот со бездомните кучиња и нивниот хуман третман.

Мониторингот опфати осум општини: Куманово, Велес, Струмица, Струга, Крива Паланка, Свети Николе, Лозово и Чашка, во периодот 2020 – 2023 година.



Бездомните кучиња се горлив проблем со кој општините се соочуваат и мора да се справуваат секојдневно. Очигледна е итната потреба од системско решение, кое се уште не е на повидок, ниту на локално, ниту на национално ниво.
Општините немаат доволно капацитети и финансии ефикасно да го решаваат проблемот. Поголемиот дел немаат ниту стационар односно прифатилиште, ниту регистар на бездомните кучиња. Регионалните прифатилишта, каков што се планира во Вардарскиот плански регион, се можно ефикасно решение за стационирање и соодветен третман на бездомните кучиња.

Заловувањето, чипирањето и третманот на кучињата во општините, во моментов, го спроведуваат оператори избрани на јавен повик, кои постојано ја зголемуваат цената на услугите што ги нудат. Општините треба да воспостават и применуваат ефикасни и функционални механизми за отчетност на операторите, но и механизми за контрола на нивната работа и постигнатите резултати.

Бројот на бездомни кучиња во општините се зголемува, но се зголемува и бројот на каснати граѓани кои бараат отштета од надлежните институции (општините, јавните претпријатија, операторите). Некои општини издвојуваат десетици илјади евра за судски трошоци и отштети. Наместо да се занимаваат со последиците, локалните власти мора поактивно и поангажирано да ги користат општинските пари и капацитети за решавање на постојниот

проблем, но и за превенција.



Потребни се ефикасни и хумани мерки за контрола на популацијата на бездомни кучиња, кои ќе овозможат здравствена заштита и безбедност како за населението, така и за животните. Општините треба да вложуваат во постојани информативно-едукативни активности за подигнување на свеста кај граѓаните за одговорно сопственичтво, за важноста на регистрацијата, стерилизацијата и вакцинацијата на домашните кучиња, за ненапуштање на миленицте, како и за потребата од хуман третман и вдомување на уличните кучиња. За оваа цел, нужна е засилена соработка меѓу општините, стационарите, операторите и активистите за заштита на правата на животните.

Овој мониторинг е реализиран во рамки на проектот„Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

МОНИТОРИНГ: ОПШТИНИТЕ И ЗИМСКОТО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ПАТИШТАТА

НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Активо од Велес, Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе и Организација на жени од Струмица, во периодот ноември– декември 2023 година, спроведе мониторинг на мерките и активностите што ги преземаат општините за зимско одржување на улиците и патиштата. Мониторингот опфати осум општини: Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе, Ново Село, Босилово и Чашка, а се однесуваше на периодот 2019 – 2023 година. До општините беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер за објавени огласи за јавни набавки, склучени договори со економски оператори, капацитет во луѓе и опрема на зимските служби на општините.

Речиси сите општини изготвуваат годишни планови и програми за одржување на улиците и патиштата во зимски услови и предвидуваат буџет за оваа намена. Зимското одржување на улиците и патиштата во општините им е делегирано на јавните локални претпријатија, а дел од општините дополнително склучуваат годишни договори со економски оператори за ангажирање механизација, и набавка на сол и ризла.

Зимската служба кај повеќето општини почнува со работа на 15 ноември и трае до 15 март следната година. Општините имаат регистер на должината на патната инфраструктура. Таа е поделена според приоритети на чистење. Чистењето снег најпрво се одвива во урбаните и најфреквентните делови од општината, во втората фаза се чистат улиците кои не се наоѓаат во централниот дел и се помалку прометни, а локалната власт е надлежна и за оспособување на патната инфраструктура и во руралните делови на територијата на општините.



Комуналните претпријатија се надлежни за чистење на снегот од улиците, тротоарите и плоштадите во централниот дел на општините. Додека за расчистување на снежните наноси во потешко проодни делови, се ангажираат приватни фирми кои поседуваат соодветна механизација. Кога временските услови се крајно лоши и снежната покривна е голема, општините бараат интервенција од државните институции, Македонија пат, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

Дел од општините секоја година објавуваат тендер преку Бирото за јавни набавки, за ангажирање фирма која поседува соодветна механизација за чистење снег. Договорот се однесува за целата зимската сезона. На јавните повици најчесто се јавува само еден понудувач и речиси секоја година тендерот за зимско одржување на локалните патишта и улиците го добиваат исти фирми. Таков е случајот со Општина Куманово, додека во Општина Велес парите за оваа намена секоја година ги делат две фирми кои постојано се повторуваат.

Помалите општини кои беа предмет на мониторингот, како Босилово и Ново Село одвојуваат помал буџет за зимско одржување на улици и патишта. Поголемите општини покриваат поголема територија и затоа, ставката за зимско одржување во нивните буџети е многу поголема. Општина Свети Николе во последните пет сезони потрошила 57.000 евра за ангажирање работна сила и механизација од приватни компании за чистење снег, додека Чашка потрошила повеќе односно 68.000 евра. Општината Крива Паланка лани и за тековната сезона го зголемила буџетот и сега одвојува 60.000 евра годишно. Општина Велес потрошила 95.000 евра, а најмногу пари потрошила Општина Куманово. Оваа општина секоја година издвојува во просек околу 200.000 евра или за пет години вкупно еден милион евра.

Освен за механизација, општините распишуваат јавен повик и за набавка на сол и ризла. Од добиените склучени договори во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер забележливо е дека на општинските тендери за набавка на сол и ризла доминираат две фирми. Истите фирми, на пример, се појавуваат во општините Куманово, Свети Николе и Велес.



Од општините кои беа предмет на овој мониторинг единствено Општина Ново Село не ни ги достави информациите за склучени договори со фирми за ангажирање механизација за чистење на улиците и патиштата од снег, и за набавка на сол и ризла.

Овој мониторинг се реализираше во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.

ЗДРУЖЕНИ ЗА АКТИВНО ГРАЃАНСТВО

Програмата „Здружени за активно граѓанство“ на НВО Инфоцентарот, поддржана од Европската Унија, континуирано соработува и ги охрабрува локалните граѓански организации да ги мобилизираат граѓаните и да се залагаат за партиципативна демократија на локално ниво. Преку зајакнување на нивните организациски капацитети за мобилизација, застапување и одржлив развој, ги поддржуваме со цел да се промовира и практикува партиципативна демократија на локално ниво.



Континуираната соработка и консултации резултираше со низа заеднички настани и акции кои покриваат прашања за родова еднаквост и родово базирано буџетирање и политики на локално ниво, еднакви можности за мажите и жените, младинскиот активизам и застапеноста на младите на локално ниво, зајакнувањето на руралните жени, борба против врсничкото насилство, остварување на граѓанските и политичките права на лицата со посебни потреби, како и заштита на животната средина.